Младински Културен Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

БИТОЛА, МАРТ 2023

## ЗА МКЦ-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е непрофитна, граѓанска организација за млади основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

Долгорочни цели на МКЦ – Битола се да го промовира волонтерството, да го афирмира неформалното образование, да ги развива демократијата и граѓанското општество и да ја поддржува урбаната култура. Работиме на 5 стратешки приоритети:

1. УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО
- Да поттикне одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ);
- Да го промовира волонтерството и волонтерските вредности;
- Да дава придонес кон овозможувачка околина поволна за волонтирање во Македонија
2. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ
- Да ги подобри компетенциите на младите и нивната вработливост
- Градење на партнерства и вмрежување
3. РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
- Да поттикнува младинско учество, особено во креирање и подобрување на младински политики и програми
- Да ги развива граѓанскиот активизам и партиципативната демократија
- Да го подобри владеењето на правото преку мониторинг на државни институции во спроведување на стратегии и акциони планови и буџетски процеси
- Правна помош, поддршка и социо-економско зајакнување на ранливи категории на граѓани на локално ниво
4. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА
- Да ја промовира урбаната култура и меѓукултурното разбирање
- Да ги промовира вредностите на УНЕСКО
- Организација на фестивалот Битола отворен град
5. ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА МКЦ-БИТОЛА
- Да ја направи организацијата одржлива на долг рок
- Да ја подобри ефикасноста во работењето на организацијата
- Континурано да ги јакни капацитетите на персоналот, членството и волонтерите
- Да ја зајакни соработката со бизнис секторот

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6

партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица. Од 2019 година МКЦ-Битола е национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO) за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз за младинска работа (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Платформата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Мрежата на граѓански организации за реформа и развој на локалната и месната самоуправа „Заедница“, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 20 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Осумнаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а петнаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг извештаи (транспарентност и комуникации со јавност на општините, јавни набавки, децентрализација)

кои се однесуваа на општините од Пелагонискиот регион. Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството 2010-2015, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стратегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022, Национална стратегија за промоција и развој на волонтерството 2021-2025, Стратегија за промоција и развој на волонтерството во општина Битола 2023 - 2026).

На крај, 2022 година ја обележа МКЦ – Битола како силна волонтерска организација за млади, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

Програмата за 2022 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Палме, РИКО програмата со фондови на Министерството за надворешни работи на Норвешка, ЕУ ИПА Програмите за прекугранична соработка Европската Комисија, СОС Детско село Северна Македонија, УНДП, општина Битола, субгрантови од ЕУ ИПА национални фондови преку Македонско здружение за заштита при работа и Коалиција СЕГА, Центар за граѓански комуникации и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.



## ПРОГРАМА: УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО

### ЛОКАЛЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС БИТОЛА

Проектот **„Локален волонтерски сервис Битола“** се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – **ReLOaD2**, која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Овој сервис претставува организиран облик на општествена партиципација којшто ќе вклучува **30 млади луѓе од Битола** на возраст од 16 – 29 години.  Идејата за формирање на ваков сервис е да се стимулираат волонтерски активности и да се зголеми бројот на млади кои ќе се вклучат во доброволна работа во локалната заедница.

Главната цел на проектот е зајакнување на граѓанското учество и учеството на младите во развојот на локалната заедница преку волонтерство.

Спроведени активности во 2022 година:

1. **Обука за волонтерски менаџмент**, одржана во периодот 28 – 29 ноември 2022 година

Обуката се спроведе според предвидената програма за работа и утврдената методологија. На обуката присуствуваа 22 учесници. Целта на обуката беше волонтерите да се поттикнат да ги почитуваат, практикуваат и мултиплицираат вредностите на волонирањето и да научат да ги практикуваат основните чекори на циклусот на волонтерски менаџмент. Притоа, беа користени информации од Стратегија за промовирање и развој на волонтерството 2021-2025 и Законот за волонтерство со цел да се подобрат перцепциите за волонтирање и разбирање на вредностите на волонтирањето.





2. **Работилница за дизајн на волонтерските акции по методот на (Design Thinking),** одржана во периодот 6 – 7 декември 2022 година

Работилницата за дизајн на волонтерските акции по методот на (Design Thinking) се спроведе според предвидената програма за работа и утврдената методологија. На работилницата присуствуваа 20 учесници. Оваа работилница имаше за цел да се дизајнира формата и природата на волонтерските акции кои ќе бидат иницирани и реализирани од Локалниот волонтерски сервис Битола.
(Design Thinking) методата претставува интерактивен процес во кој се преземаат чекори за да се разбере корисникот, граѓанинот, да се оспорат претпоставките и да се редефинираат проблемите во заедницата во обид да идентификуваме алтернативни решенија на истите. Оваа метода е заснована за креирање на алтернативни решенија за реални проблеми.






Преку овие активности и планираната кампања за промоција на волонтирањето се очекува да се оствари промена во генералниот однос и перцепциите на младите во однос на волонтирањето, зајакнување на нивното знаење за придобивки од волонтирањето, а со тоа да се зајакне и учеството на младите во развојот на локалната заедница.

## ВРЕМЕ Е ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

Во рамките на проектот „Време е за волонтирање“ започнавме процес на изработка на **нова локална стратегија за развој на волонтерството во општина Битола 2023 – 2026** со активно вклучување на сите засегнати страни – локалната власт, јавните и образовните институции, граѓанските организации и младите. Особено е значајно што процесот е воден од Локалниот совет за волонтерство на општина Битола како консултативно тело на општината, а активно се вклучени и претставници од Советот на општина Битола.



Проектот вклучува и јакнење на капацитетите на членовите на Советот за волонтерство на општина Битола и широка кампања за промоција на волонтерството. Во 2022 година реализиравме **две обуки** за јакнење на капацитетите на членовите на Локалниот совет за волонтерство и тоа: обука за волонтерски менаџмент и обука за партиципативност во донесувањето на одлуки на локално ниво.

Целта на проектот е зајакнато учество на младите и граѓанските организации во креирањето на локалните политики и развојот на заедницата. Истиот е дел од програмата за грантова шема **„Младинско учество за силен развој на заедницата"** која ја спроведуваат Коалиција на младински организации СЕГА и партнерите СОС детско село, Волонтерски центар Скопје и Женски форум Тетово, со фондови на Европската унија.

## ROUTEWB6 (ПАТ ЗАПАДЕН БАЛКАН 6)

МКЦ-Битола е партнерска организација во конзорциум од 6 организации од Западен Балкан под водство на RYCO кои имаат за цел да имплементираат регионална програма за размена на волонтери како придонес кон помирувањето и подоброто разбирање помеѓу младите во овие земји. Во почетокот на 2022 година се одвиваше процес на евалуација на успехот на програмата и квалитетот на реализираните волонтерски размени.

Како последна активност на проектот беше организирана тура **Волонтерски Караван** со преку 40 волонтери од сите земји на Западен Балкан кои посетија неколку градови во регионот, меѓу кои и Битола. Тие имаа креативна работилница на која изработија картички со пораки за унапредување на волонтерските и младински политики во регионот, кои беа испратени на адресите на носителите на одлуки и одговорните инстутуции во земјите на Западен Балкан.



## ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО ОУ „СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

На 28 декември 2022 организиравме **волонтерска акција во партнерство со ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола** чија цел беше промоција на здрав стил на живот и волонтерство преку вонnаставни активности поврзани со спорт и рекреација, унапредување на програмата за воннаставни активности со додавање волонтерска компонента, промовирање на волонтерство и култура на волонтирање кај учениците.





Со набавените ресурси, волонтерската акција овозможи учениците да другаруваат и да се рекреираат преку најразлични видови друштвени игри што се играат на голем отворен или затворен простор. При реализација на активностите учениците се прегрупираа во различни екипи и со забавни игри се „натпреваруваа“ едни против други.  Волонтерска акција беше поддржана од општина Битола и Локалниот Совет за волонтерство на Општина Битола - ЛСВ

## 5 ДЕКЕМВРИ - ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2022

По повод 5-ти Декември – Меѓународниот ден на волонтерите, Младински културен центар – Битола во склоп на проектот „Локален волонтерски сервис Битола“ организираше **јавна дискусија** со наслов **„Волонтирање на фестивали vs. волонтирање во заедницата“.** Целта на дискусијата беше да се разговара за предизвиците и трендот на младите да волонтираат на фестивали и да се дискутираат различните методи и алатки кои можат да ги мотивираат младите како да се активираат во волонтирање во заедницата.

На дискусијата беа презентирани искуствата на граѓанските организации, општина Битола, јавни институции и волонтери за ангажман на волонтери во своето работење. Волонтирањето на фестивалите е одлична почетна точка за активирање на младите како волонтери, но предизвикот останува како да се одржи таа нивна волонтерска енергија за континуирани волонтерски активности во локалната заедница во текот на целата година.




На настанот се се додели и националната награда **„Златен сертификат за волонтерство во 2022 година“** што од 2006 година, традиционално ја доделува Младински културен центар – Битола. Златен сертификат за волонтерство 2022 се додели на **Димче Каневче** – активист, хуманитарец и волонтер од Охрид. Димче од локална охридска приказна последниве неколку години прерасна во национален медиум кој придонесува за заедницата која е сè поширока секој ден. Поддржува институции за стари лица и за деца, поддржува семејства и поединци, подава рака секаде каде што е потребно, а за каузата обединува бизниси и поединци од цела држава и надвор од неа. Димче има иницирано и поддржано многу донации и акции за донирање на училишен прибор, облека, обувки, очила, организација на тематски детски родендени, илјадници дневни оброци, постелнини, компјутери, телевизори.



Златен сертификат за волонтерство 2022 доделивме и на **Кромберг & Шуберт**, компанија која во ноември 2022 година ја реализира волонтерската акција **Крошу шума**! **5300 вработени - 5300 садници!** Садниците се посадија во областа Бел Камен - Крклино каде вработените во фабриката во соработка со Македонски шуми посадија мешовити садници од црн бор и даб за подобар квалитет на воздухот и спречување на ерозијата на земјиштето. Компанијата е одличен пример за корпоративно волонтирање и ангажман на вработените за подобрување на условите за живот во локалната заедница.

## ПРОГРАМА: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### ЕНТЕГ – ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија 2014-2020 во Битола на 15 декември 2022 беше одржан промотивниот настан за проектот **ЕНТЕГ - ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ.**




Општата цел на проектот е **да се промовира, на одговорен и интегриран начин, обуката за претприемништво на дипломирани студенти со високо образование, со цел:**

- Подобрување на претприемничкиот начин на размислување на младите дипломирани студенти за да им се овозможи да бидат самоуверени и покреативни во сé што ќе преземат и да ја подобрат нивната конкурентност кај работодавачите;
- Поттикнување на иновативни старт ап бизниси;
- Подобрување на нивната улога во општеството и економијата;

Специфична цел на проектот е да се поттикне создавање на виртуелна лабораторија за претприемништво за да се зголеми вклученоста на младите студенти во експериментирање со нови идеи и соработка со други чинители. Во проектот ќе бидат вклучени **60 дипломирани млади луѓе од двете страни на границата,** кои заедно ќе го поминат процесот на учење и градење на претприемачки вештини.




Во декември 2022 година во Битола го организиравме и **партнерскиот состанок** на организациите имплементатори во проектот. Проектот е партнерска соработка помеѓу Младински културен центар – Битола и COSV Координација на организациите за волонтерски услуги – Прилеп од страна на Република Северна Македонија и Регионалниот фонд за развој на Централна Македонија (водечки апликант) и Техничката комора на Грција/оддел за Централна Македонија од Република Грција. Проектот се спроведува 18 месеци со вкупен буџет од 551.840 евра од кои 85% се финансирани од Европската Унија, а 15% од буџетите на вклучените земји во програмата.

Повеќе информации на: https://enteg.eu/

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ - БИТОЛА




Проектот "Зајакнување на младите преку нови можности" целосно ги исполни нашите очекувања кои беа поставени на почетокот во однос на вклучените ранливи млади, нивниот индивидуален развој и социо-економската интеграција. Во рамките на овој проект беа вклучени **52 корисници** кои го поминаа комплетниот едукативен и коучинг процес. Во однос на **обуки за стручни вештини, 19 корисници** ја искористија оваа можност според нивните потреби и потребите кои произлегуваат од проценките и индивидуалниот развоен план кои беа дел од оваа програма. Како дополнителна активност за нивниот кариерен развој, реализирани се **22 практикантски позиции** во институции/организации/компании. Исто така, **38 корисници** ја искористија можноста за **психолошка поддршка** кај професионален психолог кој беше надворешен член на проектниот тим. **Конечно, во текот на проектот беа вработени 28 лица, од кои 18 имаат навршено 6 месеци од вработувањето на крајот на 2022 година.**

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА МЛАДИ (БЗР)




Во рамките на овој проект во досегашната имплементација се реализираа дел од превидените активности за 2022 година. Како основа на проектот беше поднесувањето на **барањето согласност** за спроведување на активности во средните стручни училишта. Со добивањето на согласноста од Општина Битола, пристапивме кон подготвителните активности кои се однесуваат на средните училишта и нивното информирање во однос на потребната соработка, активностите што ќе ги реализираме и целите што треба да ги постигнеме на крајот од проектот.

Паралелно со средбите и комуникацијата со училиштата беше подготвена и **едукативна брошура** која на младите треба да им обезбеди најголем број корисни информации поврзани со безбедноста и здравјето при работа. 2022 година ја завршивме со подготовката за креирањето на **Младинското јадро** од средните стручни училишта кои треба да бидат главните мултипликатори на информациите, знаењата и вештините за безбедноста и здравјето при работа кај младите во општина Битола. Проектот е поддржан од Македонското здружение за заштита при работа со ЕУ фондови.




## ЛОКАЛЕН МОФ ЦЕНТАР

### УЧИМЕ ПРАВО

Учиме право клубот е место каде средношколците имаат можност да научат нешто повеќе за нивните права и обврски, демократија и други процеси во државата. Да ги разберат работите кои се случуваат околу нив, а и како да се изборат за правда. Предавањата се случуваат еднаш неделно од страна на дипломиран правник и сертифициран предавач на МОФ Учиме право клубот. Покрај предавања, многу често се користат различни алатки за подобро прикажување на процесите како симулации на судења, посета на институции и правни лица. Посета на адвокат е само дел од програмата која се одржа во 2022 година. **23 средношколци** се дел од овој клуб кои активно ја следат програмата.





ДЕБАТЕН КЛУБ

Дебатната програма на МОФ спроведува отворена и бесплатна годишна програма за средношколци. Предавањата се одржуваат во дебатни клубови, кои имаат предавање еднаш во неделата и се водени од претходно обучени предавачи. Во МОФ-центарот во МКЦ-Битола има **53 членови** поделени во две дебатни групи. Целта на програмата е членовите да се стекнат со знаења за основите на дебатата, аргументирано изразување, критичко размислување, тимска работа и јавно говорење.





АРТИВИЗАМ

Клубовите „Артивизам“ на МОФ се место каде младите луѓе можат да практикуваат слобода на изразување и да се запознаат со креативни начини за пренесување на своите ставови. Членовите на клубовите, во текот на годишниот курикулум учат за граѓанско новинарство, медиумска писменост, креативно пишување, креирање младински весници и фанзини, репортажна фотографија и видео прилози.

Целта на секој клуб е да го обучи членот независно и самоуверено да ги користи алатките кои се изучувале, но и да обезбеди безбедна, здрава и поддржувачка средина за младите да можат да ги изразат своите ставови, да се изградат себеси да истражуваат и да грешат. Преку овој став, младите ги гледаат клубовите како место каде што се слободни, можат да пробуваат нови нешта без осуда дека се добри или лоши во нештата кои ги изведуваат. Во текот на предавањата во МКЦ-Битола, **учествуваа 30 членови** како дел од клубот „Артивизам“во Битола.

## ПРОГРАМА: РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

### ПРОЕКТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

Проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ овозможи реактивирање и стимулираше поефикасно функционирање на Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) во **осум општини** - Битола, Струга, Штип, Тетово, Гостивар, Ресен, Кавадарци и Свети Николе.

Во рамките на проектот се организираа мноштво инспиративни јавни настани (**2 граѓански форуми, 4 панел дискусии, 2 посети на ЛЕСС за меѓусебно запознавање и размена на информации, 2 национални настани за вмрежување**), како и **1 обука за јакнење на капацитетите** на ЛЕСС на тема младинска невработеност. Дополнително, беше реализирана **студиска посета** во Хрватска на претставници на ЛЕСС од Северна Македонија.





Преку проектот активно беа вклучени **353 учесници** - претставници на различни засегнати страни (локални власти, државни институции, работодавачи, синдикати, граѓански организации, образовни институции, центри за вработување, стопански комори, средношколски и студентски сојузи итн.) во конструктивен социјален дијалог на актуелни прашања и проблеми од областа на социо-економскиот живот. Локалните економско социјални совети служеа како агрегатори на идеи и промотори на квалитетен социјален дијалог.

За потребите на проектот, МКЦ-Битола има воспоставено партнерска соработка со **6 граѓански организации:** Центар на заедницата на општина Струга, Гласен Текстилец - Штип, Мултикултура – Тетово, Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) – Гостивар, Совет за превенција против малолетничка деликвенција – Кавадарци и Организација на жени на општина Свети Николе.

Проектот е финансиски поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## ГРАЃАНСКА АЛИЈАНСА ЗА ПРОМЕНИ НА ЛОКАЛНО НИВО – ФОРУМ ЗА ГРАЃАНСКИ ДИЈАЛОГ

Како дел од **Форумот за граѓански дијалог** МКЦ-Битола работеше во три општини и тоа Битола, Демир Хисар и Крушево. Во рамките на оваа иницијатива беа реализирани **три консултативни средби** со граѓаните. На овие средби се ревидираа поставените приоритети кои беа дел од ветувањата на победничките кандидати за градоначалници во трите општини. Овие приоритети беа разгледани на консултативните средби и беше направена селекција и приоритетизација на истите при што се издвоија најбитните за граѓаните, кои по нивен предлог требаше да се најдат во програмите и проектите на општините во 2023 година. Овие приоритети беа презентирани пред претставниците на локалните самоуправи **на јавни дискусии во трите општини** и со две беа потпишани меморандуми за соработка во кои интегрален дел беа приоритетите. Исто така во рамките на оваа иницијатива беше направен мониторинг на општините во однос на нивната транспарентност и методологиите за инклузија на граѓаните во поставувањето на проектите и програмите кои ги реализираат локалните самоуправи.

Форумот за граѓански дијалог е поддржан од меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## ПРОЕКТ „ЗАШТИТА ОД КОРУПЦИЈА“

Во рамките на овој проект "Заштита од корупција" во 2022 година беше направено истражување изготвено врз основа на унифицирана методологија која ја спроведуваа 8 невладини организации во 8 општини во земјата и тоа: Битола, Кичево, Куманово, Неготино, Струмица, Тетово, Чаир и Штип, под менторство на **Центарот на граѓански комуникации**, кој е носител на проектот. Мапирањето на корупцијата во јавните набавки во општина Битола и јавните претпријатија на Општина Битола се базираше на индикатори кои унифицирано се применуваат и ги опфатија сите фази во јавните набавки, овозможувајќи на тој начин да се добие јасна слика за потенцијалните ризици од корупција на ниво на субјект.



Предмет на анализа беа сите постапки за јавни набавки спроведени од страна на Општината и локалните јавни претпријатија од 01.01.2021 до 31.12.2021 година. Податоците беа обезбедени преку Електронскиот систем за јавни набавки. Анализата на податоците за спроведените јавни набавки беше заокружена и со обезбедување на релевантни податоци добиени преку интервјуа со претставници на Општината и јавните претпријатија. Како резултат на ова истражување се подготвија 8 клучни наоди кои треба да послужат како препораки за подобрувањето на јавните набавки кај Општина Битола и локалните јавни претпријатија.

## ЈАВНА ДЕБАТА - ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Со јавната дискусија **„Поддршка на локалниот бизнис за развој на туризмот"** којашто се одржа на 31 октомври 2022 година, МКЦ Битола се приклучи кон одбележувањето на Европската недела на претприемништво со различни настани што се одржуваат ширум Европа. На настанот зедоа учество претставници од локалната самоуправа, Универзитетот „Свети Климент Охридски", локалните мали и средни претпријатија и иновативни бизниси, граѓанскиот сектор и други локални чинители.



На јавната дискусија беа претставени повеќе идеи и предлози, како и можности за преземање на конкретни чекори за развој на туризмот во Битола во насока на подобрување на условите за поставување на Битола како атрактивна туристичка дестинација и активно вклучување на бизнис заедницата во сите сегменти и фази од овие процеси. Овој настан традиционално го организираме со поддршка на општина Битола како дел од програмата за одбележување на 4-ти Ноември, Денот на ослободувањето на Битола.

## БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Во првата половина од 2022 година вкупно 81 граѓанин се обратил и се стекнал со право на примарна правна помош. Во втората половина од годината, преку реализација на проектот „Еднаков пристап до правда за граѓаните од Пелагонискиот регион", финансиран од Министерство за правда на Република Северна Македонија, примарна правна помош им беше обезбедена на вкупно 103 граѓани од Пелагонискиот регион, со што вкупната бројка на регистрирани баратели за 2022 година изнесува **184.**

Истовремено, поднесени се и вкупно **9 барања** за секундарна правна помош, од кои 8 се одобрени и веќе се иницирани постапки пред Основен суд Битола и Радовиш, а три од нив се веќе и правосилно завршени.

Со цел зголемување на информираноста на граѓаните од Пелагонискиот регион за Законот за бесплатна правна помош беа изработени информативни флаери кои беа дистрибуирани до граѓаните.







Дополнително беа одржани и 3 отворени денови каде на граѓаните им беа доделени информативни флаери, а истовремено истите имаа можност на лице место да се стекнат и со иницијален правен совет, општа правна информација и општ правен совет поврзан со нивните правни проблеми.

## СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО

Социјалниот ментор од МКЦ-Битола, Ирена Стојчевска, беше една од четирите социјални менторки кои беа дел од проектот **„Можности за економска реинтеграција преку социјално менторство за жени жртви на насилство“**, спроведуван од страна на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“, а во склоп на Регионалната програма на Европската унија и UN Women „Спречување на насилството врз жените и девојките во Западен Балкан и Турција: Имплементирање на норми – промена на ставови“.




Во рамките на овој проект беа менторирани 15 жени жртви на насилство и семејно насилство, од општините Битола, Куманово и Скопје, сите се зајакнати и со подигната самодоверба и мотивација, 13 од нив се влучени на пазарот на труд и ниту една од овие жени не е вратена во насилната средина. Четирите социјални менторки се стекнаа со сертификати/признанија за едногодишна работа со 15 жени кои преживеале насилство и семејно насилство, а кои беа економски зајакнати со фасцилитиран влез на пазарот на трудот.

Во рамките на овој проект социјалната менторка Ирена, менторираше две жени жртви на насилство и семејно насилство од кои двете од процесот излегоја со значително подобрена самодоверба и мотивација, со многу нови знаења и вештини, како и со активација на пазарот на труд, од кои едната започна сопствен бизнис. Истовремено, социјалната менторката од МКЦ-Битола беше избрана и помеѓу шесте жени од Западен Балкан кои користат технологија и иновации за да стават крај на насилството врз жените во Западен Балкан.



**Преку социјално менторство до поинклузивна локална заедница** е активност која што се реализираше со финансиска поддршка од Општина Битола. Целта беше промовирање на концептот на социјално менторство на локално ниво и неговото значење во намалувањето на невработеноста во општина Битола. За оваа цел беше организирана јавна дебата за промовирање на социјалното менторство и споделување досегашни искуства.

Дебатата овозможи информирање и запознавање на присутните учесници со социјалното менторство, а истовремено овозможи и простор за понатамошна соработка и вмрежување со цел вклучување на што поголем број на ранливи категории и овозможување нивно зајакнување и вклучување на пазарот на труд. На дебатата учество зедоа 17 учесници и тоа претставници од бизнис заедницата, Општина Битола, ЈУМ Центар за социјална работа Битола, претставници од невладиниот сектор, медиуми и граѓани од општина Битола.

## ПАБЛИК: ЛИЦЕ В ЛИЦЕ

Поддршката од МКЦ – Битола кон продавачката на единственото улично списание во државата **„Лице в лице“**, како и претходните години, така и во текот на 2022 година продолжи. Граѓаните од општина Битола во текот на целата година имаа можност да го купат списанието од **Мубија** на улиците во градот и да прочитаат корисни содржини од различните теми кои што се во фокусот на списанието (социјална вклученост, демаргинализација на групи и на поединци, еколошка свест, културен развој, активизам во уметноста и во културата, општествена одговорност, волонтерство, образование....). Продажбата на списанието „Лице в лице“ ги засилува ранливите категории на граѓани преку создавање услови и давање можности легално да остваруваат приходи. МКЦ - Битола е дел од мрежа на партнерски организации, вкупно пет, кои ја поддржуваат и помагаат дистрибуцијата и промоцијата на списанието преку теренска продажба.



ПРОГРАМА: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА

## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2022“

**БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД** е фестивал кој е повеќе од уметност. Фестивалот се одржа **од 23 до 26 јуни 2022 година.** Го реализираме 21-вото издание на фестивалот спакувано во ново руво. Го подаривме фестивалот на младите во градот и регионот со силно уверување дека Битола имала и ќе има авангардна младина и критична маса подготвена за големи предизвици.





Продефилираа редица артисти од електронската музичка сцена, уметнички дијалози за музика, промоција на монографијата посветена на Мизар, промоција на книгата „Во дијалог“ се случија во **дворот на МКЦ-Битола** лоциран во старото градско јадро на Битола. Целодневна Берза на винили со гости од соседните земји за прв пат се реализира во Битола и за прв пат во рамките на нашиот фестивал. Големиот музички хепенинг за прв пат го организиравме во Градскиот парк во Битола. Настапија 3 музички бендови. Битолската група **ВЕЛ**, бендот **БAiLDSA** од Солун, Грција и **Helem Nejse** од Сараево, Босна и Херцеговина. Беше гласно, урбано и остави впечаток за паметење.





Годинава имавме нова, свежа визуелизација на фестивалот која привлече големо внимание посебно кај младата популација. Настаните беа посетени од голем број на љубители на урбаната и алтернативна уметност. Годинешното фестивалско издание со својата програма и визуелен идентитет остави голем белег во културното живеење во градот.

Фестивалот го реализиравме под слоганите:

ГРАДОТ Е СЕГА И ОВДЕ 🟪

ГРАДОТ НЕ Е НЕМ ❌

ГРАДОТ СЕ ЖУРКА 🟡

ГРАДОТ СЕ САКА 🔴

ГРАДОТ Е ОТВОРЕН...по 21 пат 🧡




Волонтерите беа додадена вредност на ова фестивалско издание, а медиумите беа наши партнери во ширењето на оваа градска урбана приказна. Фестивалот беше поддржан од Општина Битола и комерцијални спонзори.





## ИПА ПРОЕКТ SMART-CUL-TOUR

Проектот е дел од ИПА II на Програмата за прекугранична соработка на Република Северна Македонија и Република Албанија 2014-2020 и има за цел да го поттикнува туризмот, да го заштитува и промовира културното и природното наследство на целните региони со цел да овозможи избалансиран и одржлив социо-економски развој во прекуграничниот регион на Пелагонија и Корча. SMART-CUL-TOUR е имплементиран од страна на пет партнери од двете соседни земји, и тоа: Општина Битола како носител на проектот и партнер институциите: Општина Пустец, НУ Завод и Музеј Битола, Регионален Директорат за култура од Корча и МКЦ – Битола.

Во месец март 2022 година го реализиравме **финалниот настан** за промоција на резултатите на проектот. Настанот имаше два сегменти. Во првиот дел го промовиравме повеќејазичниот аудио водич во археолошкиот локалитет Хераклеја Линкестис во Битола, а во вториот дел ги промовиравме резултатите од проектот во хотел Епинал во Битола.





https://www.facebook.com/2SmartCulTour

## ИПА ПРОЕКТ SMART4YOU2




Проектот **Smart4You2** е кофинансиран од Европската Унија, во рамките на третиот повик во рамките на Прекуграничната програма Република Северна Македонија – Република Албанија во рамките на распределбите на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) за 2018 – 2020 година.

Основната цел на проектот е развој на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, преку промоција на културното наследство и вредностите што ги поседува регионот.

На самиот почеток на проектот го реализиравме **првиот партнерски состанок во Битола** и присуствувавме на промотивниот настан за најава на започнувањето на проектот во с. Глобочани, Република Албанија. Проектот започна во септември 2022 година и ќе трае 30 месеци.

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ ВО БИТОЛА 2022

Оваа година МКЦ – Битола по осми пат се вклучи во одбележувањето на Меѓународниот ден на џезот, со организирање на концерт на **Тони Китановски Трио** на 30-ти април 2022 година, во кафе бар **Porta Jazz** во Битола.

- Тони Китановски, гитара
- Виктор Филиповски, тапани
- Кирил Туфекчиевски, бас

Младински културен центар – Битола (официјален УНЕСКО младински клуб), реализира континуирани активности во текот на целата година во насока на промовирање на човековото достоинство, охрабрување на дијалогот и разбирањето помеѓу културите и цивилизациите.






## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на оваа програма персоналот, членовите и волонтерите на МКЦ-Битола учествуваа во голем број на обуки, работилници, семинари и конференции за зголемување на знаењата и вештините. Дел од темите на кои имавме учесници во обуките беа фокусирани на социјално менторство, волонтерски менаџмент, напредно управување со проектен циклус на европски проекти, обука за обучувачи за животни вештини, финансиско управување и администрација, вештини за вработливост и други.

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА
ул. Цар Самоил 29, Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://twitter.com/mkcbitola